Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/2004 и 96/2004) и член 14 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.7/2006), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.07.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За изменување и дополнување на Одлуакта за извршување на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2009 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година се вршат следните измени и дополнувања:

**Измени и дополнувања на член 9:**

- Исплатата на платите на вработените и на сите буџетски корисници ја контролира и одобрува Градоначалникот на Општината, а ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот, преку исплата на бруто плата за вработените, избраните и именуваните лица. Појдовна основа за исплата на плати на избрани и именувани лица за коефициент 1 се зема просечно исплатената месечна плата по вработен во Републиката за претходната година.

- Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката, исплатена за претходната година во висина од 63%.

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи членот 2 од Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Крива Паланка бр. 07-2971/9 од 28.11.2007 година.

- За вработените во Општинската администрација кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за исплата на бруто плата е 67,77.

- За вработените кои што немаат статус на државни службеници бруто платата се намалува со 10%.

- лица ангажирани по Договор за привремено вработување утврдениот износ на бруто плата се намалува за 10%.

**Член 2**

Се овластува Комисијата за статут и прописи при Советот на Општина Крива Паланка да изготви пречистен текст на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.08.2009 година.

**Бр. 07-2525/7**
**17.07.2009 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година**

1. Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година, што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на 17.07.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2525/8**
**20.07.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2005) година и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.07.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување – проширување на средствата на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2009 година**

**Член 1**

Со оваа Одлуката се врши измена и дополнување – проширување на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година, и тоа на следниот начин:

**Се зголемуваат приходите на следните поставки:**

| **Потпрограма** | | **Буџет** | **Самофин.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредит** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Потставка | | | | | | |
| **713111** | **Данок на имот** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **713311** | **Данок на промет на недвижности и права** | **2.471.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **717112** | **Комунална такса за истак-нување на форма, реклами и слично** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 718117 | Надом.за добивање на лиценци во ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 718127 | Надомест за исталирање на Б-интегрирана еколошка дозвола | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 725939 | Други неданочни приходи | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 741111 | Тековни трансфери од др. нивоа на власт | 2.280.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 7.651.000 | 0 | 0 | 0 | 0_ |

**И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни подставки:**

**А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 426990 | Други оперативни расходи | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463170 | Трансвери до пол.партии | 110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464120 | Стипендии за поддршка на на млади таленти | 130.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Ј80 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 420110 | Патување во земјата, хранарина (дневница) | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалоци | 720.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423720 | Ситен инвентар, алати и други матер.за поправка | 174.950 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 2.380.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 3.936.050 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 7.651.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 07-2525/9**
**17.07.2009 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за измена и дополнување – проширување на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена и дополнување – проширување на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на 17.07.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 2525/10**
**20.07.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002) година и член 14 од Статутот на Единицата на локална самоуправа - Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка"бр. 7/06), Советот на Единицата на локална самоуправа - Крива Паланка на седницата, одржана на 17.07.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2009 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година, и тоа на следниот начин:

| Потпрограма / Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| **425760** | **Превозни услулги во образование** | 0 | 0 | 0 | -2.000.000 | 0 |
| **482930** | **Реконстркција на други објекти** | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 07-2525/17**
**17.07.2009 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковки,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година, што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на 17.07.2009 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 2525/18**
**20.07.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовскис.р.**

---

Врз основа на чл. 22 ст.1 т.13 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Р. Македонија" бр.05/2002), член 14 ст.40 од Статутот на Општина Крива Паланка ("Службен Гласник на Општина Крива Паланка" бр.07/2006), Советот на Општина Крива Паланка на ден 17.07.2009 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделуваат четири стипендии за талентирани студенти и четири стипендии за талентирани ученици-средношколци од Општината Крива Паланка.

**Член 2**

Висината на стипендијата која ќе се доделува на учениците и студентите наведени во член 1 од оваа Одлука ќе изнесува 4.000,оо денари по стипендија.

**Член 3**

Стипендиите ќе бидат доделувани по пат на јавен конкурс распишан од страна на Комисија за спроведување на постапка за доделување на стипендии формирана од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка во состав Градоначалник на Општина Крива Паланка, Директорот на ОУ Јоаким Крчовски, Директорот на ОУ Илинден, Директорот на СОУ Ѓорче Петров и Виш соработник за образование спорт и култура при општина Крива Паланка.

**Член 4**

Комисијата во рок од еден месец од денот на стапување во сила на оваа одлука, да изготви критериуми за доделување на стипендии и да распише конкурс.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07- 2525/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.07.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за доделулвање на стипендии за поддршка на млади таленти во Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за доделување на стипендии за поддршка на малди таленти во Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на 17.07.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2525/4** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.07.2009 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на Р. Македонија“ бр.05/2002), член 14 став 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (“Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.07/2006), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 17.07.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За медиумско претставување на Општината Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за телевизиско и радио пренесување на седници на Советот на Општина Крива Паланка и на други ТВ услуги на Советот, Градоначалникот и општинската администрација на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се предвидени во Буџетот на Општина Крива Паланка.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 2525/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.07.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за медиумско претставување на Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за медиумско претставување на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на 17.07.2009 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2525/6** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.07.2009 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовскис.р.**

---

Врз основа на член 22.ст1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002 г.) и член 14 т.11 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Крива Паланка бр.7/06) ,Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 17.07.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Апликацијата за учество во Програмата „Форуми во заедницата" и финансиско учество на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Апликацијата за учество во Програмата „Форуми во заедницата" подржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) во соработка со ЗЕЛС.

**Член 2**

Финансиските средства за форумските сесии ќе се обезбедат во рамките на расположливите буџетски средства на Општина Крива Паланка

**Член 3**

Финансиските средства за учество во проектниот фонд ќе се обезбедат по принцип на коофинансирање и тоа Општина Крива Паланка ќе обезбеди 25% а Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) ќе обезбеди 75 % од вкупните средства во проектниот фонд.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр.07 -2246/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.07.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање согласнсот на Апликација за учество во Програмата „Форуми во заедницата" и финансиско уечство на Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за давање согласнсот на Апликација за учество во Програмата „Форуми во заедницата" и финансиско учство на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на 17.07.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2246/2**
**20.07.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22, став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002 г.) и член 14 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Ппштина Крива Паланка“ бр.7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седница, одржана на 17.07.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## За давање приоритет на проект „Интегрирано урбанистичко планирање и управување на туристички локалитети – регион Осогово”

### Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет за аплицирање на проект „Интегрирано урбанистичко планирање и управување на туристички локалитети-регион Осогово, кој проект е дел од Програмата на грантови на ОБСЕ за меѓуопштинска соработка 2009 година.

### Член 2

Проектот ќе се реализира во соработка со Општина Кратово и Општина Пробиштип.

### Член 3

Висината на грантот за реализација на проектот изнесува до 20.000,00 ЕУРА кои ќе се обезбедат од ОБСЕ ,со учество од 20% на општините .

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07-2525/15**
**17.07.2009 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлука за давање приоритет на проект „Интегрирано урбанистичко планирање и управување на туристички локалитети – регион Осогово“

1. Се прогласува Одлулка за давање приоритет на проект „Интегрирано урбанистичко планирање и управуање на туристички локалитет – регион Осогово", што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на 17.07.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 2525/16**
**20.07.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на чл. 36 ст.1 т.15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Р. Македонија" бр.05/2002), член 14 ст.40 од Статутот на Општина Крива Паланка ("Службен Гласник на Општина Крива Паланка" бр.07/2006), а во согласност со чл.5 од Законот за управување со кризи ("Службен Весник на Р. Македонија" бр.29/2005) Советот на Општина Крива Паланка на ден 17.07.2009 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## За формирање на здравствен кризен штаб на Општината Крива Паланка

### Член 1

Со оваа одлука се формира здравствен кризен штаб на Општина Крива Паланка во состав:

За Претседател се именува:

- Др. Дане Милошевски – Хигиено-епидемиолошка служба Крива Паланка.

За Членови се именуваат:

- Радивој Мацовски – Директор на Јавна здравствена установа Здравствен дом Академик професор Димитар Арсов;
- Др. Ленче Максимовска – Државен санитарен и здравствен инспектор;
- Др. Илија Ристовски – Инспетор за храна и вода;
- Дипл. правник Арсенчо Алексовски – Градоначалник на Општина Крива Паланка;
- Стојадин Гоговски - Раководител на регионален центар за управување со кризи;
- Слободан Ѓорѓиевски – подрачно одделение за заштита и спасување;
- Др. Гоце Младеновски – претставник од приватните здравстени установи; и
- Анка Стојановска – претставник од Црвен Крст.

**Член 2**

Здравствениот кризен штаб на Општина Крива Паланка ќе биде стручно тело кое ќе раководи и управува со активностите кои се предвидени со оперативниот план на мерки и активности за заштита и спречување на пандемијата предизвикана од вирусот А-Х1Н1.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 07-2525/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.07.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски.с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за формирање на здравствен кризен штаб на Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за формирање на здравствен кризен штаб на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на 17.07.2009 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 2525/20** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**20.07.2009 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.07.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Оперативен план на мерки и активности за заштита и спречување на пандемијата предизвикана од вирусот А – Х1 Н1**

1.Се усвојува Оперативен план на мерки и активности за заштита и спречување на пандемијата предизвикана од вирусот А – Х1 Н1.

2. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 2525/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.07.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Оперативен план на мерки и активности за заштита и спречување на пандемијата предизвикана од вирусот А – Х 1 Н 1**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Оперативен план на мерки и активности за заштита и спречување на пандемијата предизвикана од вирусот А – Х 1 Н 1, што Советот го донесе на 4-та седница, одржана на 17.07.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2525/14** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**17.07.2009 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.07.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## За усвојување на Програма за работа на ЈП „Комуналец“ - Крива Паланка за 2009 година

1.Се усвојува Програмата за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2009 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 07 – 2536/2**
**17.07.2009 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈП „Комуналец" Крива Паланка за 2009 година**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈП „Комуналец" – Крива Паланка за 2009 година, што Советот ја донесе на 4-та седница, одржана на 17.07.2009 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 2536/3**
**20.07.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски, с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 7/06) а по разгледување на Информацијата за хемиско-биолошката анализа на водата на водоводите со кои управува ЈП „Комуналец" – Крива Паланка, со информација за здравствената исправност на водата за пиење од градскиот водовод во Крива Паланка и локалните водоводи кои ги одржува ЈП „Комуналец" и известување од МЗШВ-Управа за ветеринарство – Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 17.07.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање на Комисија за водење постапка за утврдување на загаденоста на речната вода во Крива Паланка**

1.Се формира Комисијата за водење постапка за утврдување на загаденоста на речната вода во Крива Паланка.
2. За претседател и членови на Комисијата се избираат:

а) За претседател – Д-р.Дане Милошевски, член на Советот.

б) За членови:

- Д-р. Сретимир Николовски, член на Советот;
- Д-р. Милка Митовска , член на Советот;
- Бранко Велиновски – раководител на Одделение за инспекциски надзор; и
- Цане Николовски – директор на ЈП „Комуналец".
-

3. Ова Решение влелгува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 07- 2123/3**
**17.07.2009 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решение за формирање на Комисија за водење на постапка за утврдување на загаденоста на речната вода во Крива Паланка**

1. Се прогласува Решението за формирање на Комисија за водење на постапка за утврдување на загаденоста на речната вода во Крива Паланка, што Советот го донесе на 4-та седница, одржана на 17.07.2009 година.

2. Решението да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 2123/3**
**20.07.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

# С О Д Р Ж И Н А


1. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 г. 103
2. Заклучок за прогласување на Одлуката за изменување и до-дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за година ........................................................................................ 104
3. Одлука за измена и дополнување-проширување на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година .......... 104
4. Заклучок за прогласување на Одлуката за измена и дополнување – проширување на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година .................................................. 106
5. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година ................................... 106
6. Заклучок за прогласување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 г. 107
7. Одлука за доделување на стипендии за поддршка на млади таленти од Општина Крива Паланка ......................................... 107
8. Заклучок за прогласување на Одлуката за доделување на стипендии за поддршка на млади таленти во Општина Кр.Паланка 108
9. Одлука за медиумско претстаување на Општина Крива Паланка 109
10. Заклучок за прогласување на Одлуката за медиумско претставување на Општина Крива Паланка .......................................... 109
11. Одлука за давање согласност на Апликацијата за учество во Програмата „Форуми во заедницата" и финансиско учество на Општина Крива Паланка ..................................................... 110
12. Заклучок за прогласување на Одлуката за давање согласност на Апликацијата за учество во Програмата „Форуми во заедницата" и финансиско учество на Општина Крива Паланка 110
13. Одлука за давање приоритет на проект „Интегрирано урбанистичко планирање и управување на туристички локалитети-регион Осогово" .................................................................... 111
14. Заклучок за прогласување на Одлука за давање прироритет на проект „Интегрирано урбанистичко планирање и управување на туристички локалитети – регион Осогово".......................... 111
15. Одлука за формирање на здравствен кризен штаб на Опшатина Крива Паланка ........................................................................ 112
16. Заклучок за прогласување на Одлуката за формирање на здравствен кризен штаб на Општина Крива Паланка ....................... 113
17. Одлука за усвојување на Оперативен план на мерки и активности за заштита и спасување на пандемијата предизвикана од вирусот А – Х1 Н1 ................................................................ 113

18. Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување на Оперативен план на мерки и активности за заштита и спасување на пандемијата предизвикана од вирусто А – Х1 Н1 ....................... 114
19. Одлука за усвојување на Програмата за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2009 година .................................... 114
20. Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување на Програма за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2009 година ........................................................................... 115
21. Решение за формирање на Комисија за водење постапка за утврдување на загаденоста на речната вода во Крива Паланка 115
22. Заклучок за прогласување на Решение за формирање Комисија за водење постапка за утврдување на загаденоста на речната вода во Крива Паланка ................................................. 116